# КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

**3566.**

Врз основа на член 204 став 1 точка 1 и член 216 од Законот за работните односи (Пречистен текст „Службен весник на Република Македонија“ бр. 74/2015), член 64 и член 70 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството (Пречистен текст „Службен весник на Република Македонија“ бр. 115/2014), Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија, на ден 13.7.2015 година, склучија

## СПОГОДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОПШТИОТ КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ОД ОБЛАСТА НА СТОПАНСТВОТО

Член 1

Во членот 35 став 1 алинејата 7 се менува и гласи:

- „Регрес за годишен одмор во висина од најмалку 40% од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач.

Со колективен договор на ниво на дејност или колективен договор на ниво на работодавач може да се утврди регрес за годишен одмор во поголем износ од износот утврден со овој колективен договор.

Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината. Износот се утврдува според основицата која важи на денот на донесувањето на одлуката за исплата.

Кај работодавачите кај кои настанале потешкотии во работењето, ценејќи ја економско – финансиската состојба на работодавачот, по задолжителна предходна консултација со синдикатот на ниво на гранка односно оддел, со спогодба потпишана од работодавачот и репрезентативната синдикална организација може да се утврди регрес за годишен одмор во помал износ од износот утврден со овој колективен договор.

Кај работодавачите во кои нема формирано синдикат спогодбата се потпишува со избран претставник од работниците“.

Член 2

Измените и дополнувањата согласно оваа Спогодба и сите останати одредби на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството продолжуваат да важат 2 години од денот на објавувањето на измените и дополнувањата во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 3

Потписниците на овој колективен договор се согласни да отпочнат преговори за негови измени и дополнувања во рок од 3 месеци од објавувањето на Спогодбата за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 4

Спогодбата за изменување и дополнување на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 0101-31
13 јули 2015 година
Скопје

Бр. 03.02-292/1
13 јули 2015 година
Скопје

Организација на работодавачите на Македонија,
Претседател,
**Ангел Димитров,** с.р.

Сојуз на синдикатите на Македонија,
Претседател,
д-р **Живко Митревски,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400.**
**телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**
**Цената на овој број е 280 денари.**

ISSN 0354-1622
2015119